РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-56/2
04-04-2023 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 84-та седница одржана на 31.03.2023 година ја донесе следната

## ***О Д Л У К А***

Пријавата заведена под број 12-56/1 од 12.01.2021 година, против Членовите на Управниот одбор на ----------- федерација на РСМ, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, односно пријавените лица не се службени лица.

Предметот со број 12-56/1 од 12.01.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## ***О б р а з л о ж е н и е***

Од страна на познат подносител, на ден 12.01.2021 година, поднесена е пријава за Членовите на Управниот одбор на ------ федерација на РСМ (-ФМ) и оформен е предмет број 12-56/1 од 12.01.2021 година.

Во пријавата подносителот наведува дека Членовите на УО на -ФМ на одржана седница донеле одлука да им бидат распределени финансиски средства во вид на награда како резултат на постигнатиот успех на --------- репрезентација на РСМ за пласман на Европско првенство.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот наводите се однесуваат на распределба на средства со донесена одлука на Управен одбор согласно Статутот на --------- федерација кој е усогласен со Законот за здруженија и фондации и Законот за спорт.

Средствата за кои било одлучено да бидат распределени не се средства од Буџетот на РСМ, а ------------ федерација на Македонија е запишана во Централниот регистар на РСМ како здружение на граѓани , согласно Законот за здруженија и фондации.

Врз основа на ова, ДКСК констатира дека пријавените лица не се службени лица во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај

Врз основа на наведеното/Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: м-р К.З
Одобрил: м-р В.Г., Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател
Катица Николовска

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk